ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Министерство за внатрешни работи

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637)

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- Министерството располага со 513 градежни објекти, од кои за 45 објекти поседува имотен лист како документ за сопственост, додека за 53 градежни објекти се води постапка за легализација, започната во 2013 година
- Пописот на средствата и обврските не е извршен согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници,
- Неправилности при спроведувањето на јавните набавки.

**Издадено мислење/заклучок*:** (со резерва)

Со извршената ревизија за 2020 година, изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

**Клучни препораки:**
- Продолжување на активностите за добивање на имотните листови за сите постојани средства кои се сопственост или кои ги користи министерството,
- Спроведување на пописот на средства и обврски согласно законската регулатива.

**Клучни системски слабости:**

/

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Од страна на овластеното лице на Министерството добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**
Забелешките се разгледани и утврдено е дека три забелешки претставуваат известување за преземените активности за надминување на констатираните состојби во Нацрт извештајот, една забелешка се прифаќа и една забелешка не се прифаќа.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk